NSW GOVERNMENT | Health

*Информативен лист за заразни болести*

# Пертусис (Голема (магарешка) кашлица)

***Од пертусис заболуваат лица на сите возрасти, меѓутоа таа може да биде многу сериозна кај бебињата. Таа може да се спречи со вакцинирање на возраст од два, четири и шест месеци. Ревакцинирање е потребно кај деца на возраст од четири години и тинејџери, како и кај возрасни кои живеат или работат со мали деца.***

## Што е пертусис?

Пертусис (или голема (магарешка) кашлица) е болест која се јавува како резултат на инфекција на грлото со бактеријата *Bordetella pertussis*.

## Кои се симптомите?

- Пертусис обично започнува исто како настинка, со течење на носот, умор и понекогаш со малку покачена температура.
- После тоа се јавува кашлицата, обично во напади, која е придружена со длабока воздишка (или "пискав глас"). Понекогаш луѓето повраќаат после кашлањето.
- Пертусис може да биде многу сериозна болест кај малите деца. Тие може да посинат или да престанат да дишат при нападот на кашлање и може да треба да одат на болница.
- Болеста може да биде помалку сериозна кај постарите деца и возрасните, со напади на кашлица кои продолжуваат повеќе неделу и покрај тоа што се лекуваат.

## Како се пренесува болеста?

Пертусис се пренесува на други лица преку честички кои се исфрлаат при кашлањето или кивањето. Ако не се лекува, лицето со пертусис може да ја пренесува болеста на други лица до три недели откако се појавила кашлицата.

Периодот откако лицето било изложено на болеста до заболувањето обично изнесува седум до десет дена, меѓутоа тој може да трае и до три недели.

## Кој е изложен на опасност?

- Секој може да заболи од пертусис.
- За лицата кои живеат во исто домаќинство со лице заболено од пертусис постои поголема веројатност да заболат од болеста.
- Со вакцинирање можете во голема мерка да ја намалите опасноста од болеста, меѓутоа таа може повторно да се појави.

## Како се спречува болеста?

**Вакцинирајте го вашето дете навреме**

- Вакцината не овозможува доживотна заштита од пертусис и понекогаш заштитата не е целосна.
- Децата треба да се вакцинираат на возраст од два, четири и шест месеци.
- Ревакцинирање е потребно на возраст од четири години и повторно на возраст од 15 години.
- Вакцинирањето може да го организираат докторите од општа пракса и некои локални општини.

**Чувајте го бебето подалеку од луѓе кои кашлаат**

- На бебињата им се потребни две до три вакцини за да стекнат заштита од болеста. Заради тоа, многу е важно вашето бебе да биде подалеку од лицата кои имаат кашлица за тие да не можат да им пренесат пертусис или други бактерии.

**Вакцинирајте се ако сте возрасно лице кое е во близок контакт со мали деца**

За возрасните постои вакцина. Таа им се пропорачува на:

- Двата родители кога планираат да имаат бебе, или веднаш штом ќе се роди бебето
- Возрасните лица кои работат со мали деца, посебно здравствените работници и вработените во установи за дневен престој на деца.

**Ако сте лице кое било во близок контакт со лице заболено од пертусис:**

- Внимавајте на симптомите. Ако се појават симптоми, одете на доктор, понесете го овој информативен лист со вас и кажете му на докторот како сте стапиле во контакт со пертусис.
- Некои лица кои биле во близок контакт со болеста и кои се изложени на голема опасност да заболат (на пример, деца помлади од една година, деца кои не се целосно вакцинирани и жени кои се наоѓаат при крајот на бременоста) и другите лица кои живеат или работат со лица кои се изложени на голема опасност од болеста можеби ќе треба да примаат антибиотици за да ја спречат појавата на болеста.

**Ако имате пертусис:**

- Лекувајте се навремено додека сте заразни, избегнувајте други лица и држете се подалеку од мали деца, на пример, во центри за дневен престој на деца, претшколски установи и училиште.

## Како се поставува дијагноза?

Ако докторот мисли дека некое лице има пертусис, тогаш за да се потврди дијагнозата може да се земе брис од задниот дел на носот или да се изврши проверка на крвта.

## Како се лекува болеста?

За лекување на пертусис се користи посебен антибиотик - обично азитромицин, еритромицин или кларитромицин. Овие антибиотици може да го спречат пренесувањето на бактеријата на други лица.

И покрај тоа што лицето се лекува, кашлањето често продолжува да трае повеќе недели.

## Како реагира здравството?

Докторите и лабораториите мора во доверливост да ги пријават случаите на пертусис во локалната државна служба за здравство.  Персоналот од државната служба за здравство може да ве советува кој е најдобриот начин да се спречи понатамошното пренесување на болеста.

Децата кои се заразни не треба да одат во претшколски установи или на училиште.  На децата кои биле во контакт со заболено лице и кои не се вакцинирани може да им се забрани да посетуваат установа за дневен престој на деца освен ако ги примаат посебните антибиотици.

## Понатамошни информации – Државни служби за здравство во Нов Јужен Велс



**1300 066 055**

**www.health.nsw.gov.au**